**20200701148**

**ВЛАДА НА РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА**

Врз основа на член 30 став 1, алинеја 3 од Законот за трговија („Службен весник на Република Македонија " бр. 16/04, 128/06, 63/07, 88/08, 159/08, 20/09, 99/09, 105/09, 115/10, 158/10, 36/11, 53/11, 148/13, 164/13 ,97/15, 129/15, 53/16 и 120/18), Владата на Република Северна Македонија, на седницата, одржана на 19 март 2020 година, донесе

**ОДЛУКА ЗА ОГРАНИЧУВАЊЕ НА ИЗВОЗОТ НА ПЧЕНИЦА И НАПОЛИЦА И БРАШНО ОД ПЧЕНИЦА ИЛИ НАПОЛИЦА**

Член 1

Со оваа одлука се ограничува извозот на пченица и наполица со тарифните ознаки 1001 19 00 00, 1001 91 90 00 и 1001 99 00 00 и брашно од пченица или наполица со тарифна ознака 1101 00.

Член 2

Ограничувањето на извозот од член 1 на оваа одлука ќе се применува до 30 април 2020 година.

Член 3

Оваа одлука влегува во сила со денот на објавувањето во „Службен весник на Република Северна Македонија".

Бр. 44-2346/1
19 март 2020 година
Скопје

Претседател на Владата
на Република Северна Македонија,
**Оливер Спасовски,** с.р.